# РАБОТНА ПОНУДА

## ОПЦИЈА 1 - (Job Placement)

ВИДОВИ НА РАБОТА И ЛОКАЦИИ:

Учесниците на W&T USA програмата можат да работат студентски сезонски работи во туристички центри ширум САД (забавни и национални паркови, хотели, ресторани, продавници). Од учесниците на програмата се очекува да бидат одговорни, совесни, вредни, сериозни и флексибилни.
Добивањето на конкретна работна понуда многу зависи и од самиот учесник на програмата (познавањето на англиски јазик, работното искуство, знаењата и вештините кои ги поседува, датумите на заминување и периодот на работниот дел на програмата) но најмногу од потребата на работодавецот во САД. Конечната одлука за прием на кандидатот на конкретна рабтна понуда ја дава работодавецот.

## НАЧИНИ НА ДОБИВАЊЕ НА РАБОТНА ПОНУДА

**а) Application Placement (преку онлајн профил)**

Преку својот онлајн профил учесниците на програмата имаат увид во работните понуди кои се на располагање на кои директно аплицираат

**б) Skype Placement (преку скајп интервју со работодавецот)**

Заинтересираните кандидати можат да се пријавата за разговор со работодавци по пат на Скајп И на тој начин да си обезбедат работна понуда. Кандидатите за скајп интервју со работодавците, можат да аплицираат исклучиво на работни понуди за скајп интервју.

**в) Job fair (директна средба со работодавците)**

Прилика за разговор очи во очи со работодавци од САД

Процесот на наоѓање работни понуди трае до визирање.
Предност имаат кандидатите кои се порано се пријавиле на програмата W&T.

## ОПЦИЈА 2 - Self Placement

Студентите пријавени на оваа опција на програмата, имаат обврска, со пријавата, да приложат и работна понуда на соодветен формулар. Формуларот, работна понуда, мора да биде читко, во целост пополнет и потпишан од страна на студентот и работодавецот од САД. Датумите на пријавата и формуларот мора да се совпаѓаат.
Спонзор организацијата ќе го контактира работодавецот во САД, како би се потврдила веродостојноста на работната понуда. Доколку доставената работна понуда не биде прифатена, студентот мора да обезбеди нова работна понуда или (во спротивно ) нема да му биде дозволено учество на програмата. Потребно е исто така да учесникот на програмата му напомене на својот работодавец , дека е неопходно да биде достапен, како Спонзор организацијата би можела да стапи во контакт со него, поради проверка на работната понуда. Работодавецот е должен на Спонзорот на програмата да му достави одредени документи со кои ке потврди дека легално работи (business licence, worker's compensation number).
Видовите на работи кои НЕ се прифаќаат за учество на W&T програмата се наоѓаат на сајтот на агенцијата.

ПОЧЕТОК И ЗАВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Во согласност со новата регулатива на програмата, студентите од различни земји почнуваат и завршуваат со програмата во различни термини. Предвидено ево текот на 2016 година учесниците од Македонија да работат во период од 15.05.2016-30.09.2016.